**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Катерина Кокина**
**именуван за подрачјето на**

**Скопје 1 и Скопје** 2
**Бул. Св. Климент Охридски бр.52/1-9**
**тел./факс (02)** 3256-010

**Образец бр.66**

**И.бр.530/18**

Извршителот Катерина Кокина од Скопје врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот СТОПАНСКА БАНКА АД - Скопје од Скопје со ЕДБ 4030996116744 и седиште на ул.,,11 Октомври" бр.7, засновано на извршната исправа Решение НПН бр.18139/2017 од 17.11.2017 година на Нотар Ана Брашнарска од Скопје, против должниците:

- Жарко Серафимовски од Скопје со живеалиште на Бул. Јане Сандански 81/2-3;
-Александра Петковска (Луковска) од Скопје со живеалиште ул.4-ти Јули бр.29 и
-Сашо Митковски од Скопје со живеалиште ул.Мечкин Камен бр.14,

за спроведување на извршување во вредност 5.240.106,00 ден., на ден 29.04.2021 година го донесува следниот:

## З А К Л У Ч О К
## ЗА ВТОРА УСНА ЈАВНА ПРОДАЖБА
**(врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување)**

СЕ ОПРЕДЕЛУВА продажба со второ усно јавно наддавање на ½ идеален дел од недвижноста сосопственост на должникот **Жарко Серафимовски** евидентирана во Имотен лист број 6908, КО Кисела Вода 2, КП.бр. 850, Бр. на зграда/друг објект 1, Влез 2, Број 3, Намена на згр. преземена при конверзија на податоците од стариот ел.систем А2-1:

- Адреса (улица и куќен број на зграда) Бул.Ј. Сандански 81/2, Кат ПО, Намена на посебен/заеднички дел од зграда П, Внатрешна површина во м2 4, сосопственост;
- Адреса (улица и куќен број на зграда) Бул.Ј. Сандански 81/2-3, Кат ПР, Намена на посебен/заеднички дел од зграда СТ, Внатрешна површина во м2 93, сосопственост;
- Адреса (улица и куќен број на зграда) Бул.Ј. Сандански 81/2-3, Кат ПР, Намена на посебен/заеднички дел од зграда ПП, Внатрешна површина во м2 9, сосопственост

**Продажбата ќе се одржи на ден 19.05.2021 година во 14:00 часот во просториите на на Извршител Катерина Кокина, Бул.„Св. Климент Охридски“ бр.52/1-9, Скопје.**

Почетната вредност/цена на ½ идеален дел од недвижноста сосопственост на должникот **Жарко Серафимовски**, утврдена со Заклучок за утврдување на вредност/цена на недвижност врз основа на член 185 ст.2 од ЗИ И.бр.530/18 од 29.04.2021 година **изнесува 1.724.800,00 денари под која недвижноста не може да се продаде на втората продажба.**

Недвижноста е оптоварена со следните товари и службености:

-Право на залог (хипотека) на НЛБ Тутунска банка Ад Скопје врз основа на извршна исправа ОДУ бр.217/14 од 30.07.2014 година на Нотар Љубица Моловска.

Должникот кој како сопственик домува во продадената семејна станбена зграда или стан, не го задржува правото да домува тука и е должен зградата, односно станот да ги испразни во рок од 30 дена од денот на доставување на Заклучокот за предавање во владение на недвижноста, а ако тоа не го стори, извршителот на предлог од купувачот присилно ќе го изврши испразнувањето на зградата односно станот.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност/цена на недвижноста, односно 172.480,00 денари.

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на посебната сметка од извршителот со бр. 200002387764020 која се води кај Стопанска Банка АД Скопје и даночен број MK5080011502026, најдоцна еден ден пред одржување на наддавањето. Доказ за уплатената гаранција е извод од посебната сметка на извршителот.

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Најповолниот понудувач - купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на продажбата, во спротивно ќе се определи нова продажба, а средствата од положената гаранција се сметаат за наплатени средства во извршувањето.

Овој заклучок ќе се објави во следните средства за јавно информирање Нова Македонија и електронски на веб страницата на Комората.

Заклучокот ќе се достави до странките, заложните доверители, до учесниците во постапката, до лицата кои имаат запишано или законско право на првенство на купување и до надлежниот орган на управата.

И З В Р Ш И Т Е Л
Катерина Кокина